# БИЛТЕН 1

**Септември** 2023



## ЗА ПРОЕКТОТ

Sun in the Age се занимава со проблемот на осаменоста и социјалната изолација кај постарите возрасни лица. За време на пандемијата, проблемот со осаменоста и социјалната изолација кај постарите возрасни стана повидлив, при што многумина доживуваа недостаток на основен човечки контакт со месеци и чувство на вознемиреност поради смртта како главно прашање.

Sun in the Age нуди практични, евтини и високо ефективни алатки за едукаторите да пристапат до самосвест и да ги подобрат своите работни перформанси. Професионалците ќе научат како да користат внимателно дишење и други техники за да го подобрат своето ментално здравје и да им служат на другите, откривајќи и унапредувајќи ги внатрешните вештини како фокусирана концентрација, спокојство, креативност, сочувство и безусловна љубов.

## ВО ОВОЈ БРОЈ:

- За проектот
- Партнери
- Почетен состанок во Siauliai
- Развој на методолошка рамка
- Следни чекори

## Партнери

Нашиот конзорциум го сочинуваат организации од различни европски земји: Литванија, Шпанија, Италија, Германија, Полска, Грција и Република Северна Македонија.

Организациите вклучени во проектот припаѓаат на земји со различен и комплементарен поглед на практиките за внимателност, што ќе ни овозможи да постигнеме подобри резултати.

## *Прв состанок во* **Siauliai**

Првиот транснационален состанок се одржа во Литванија на 4-5 април. За време на состанокот партнерите ги поставија основите за идната соработка, во однос на управувањето, оценувањето на квалитетот и евалуацијата и дисеминацијата. Убаво си поминавме заедно и уживавме во прекрасниот град Siauliai.



## *СЛЕДНИ ЧЕКОРИ*

- Развој на он-лајн курс
- Вториот ТП состанок ќе се одржи во Република Северна Македонија на 3-4 Октомври 2023 во Штип..

## *Развој на методолошка рамка*

Методологијата е поделена на три дела:

- Теоретска и научна основа
- Збирка на добри практики
- Студии на случај врз основа на интервјуа

Партнерите истражуваа прашања како што се концептот на внимателност, регулирањето на ,алтернативните терапии", постоењето на официјална квалификација, достапноста на овие терапии за мнозинството од населението и собраа добри практики и студии на случај. Од сите собрани информации ќе се извлечат заклучоци кои ќе послужат како основа за изработка на онлајн курсот за воспитувачи и негувателки, што ќе биде следниот резултат на проектот.

**Останете информирани за проектот**

https://www.facebook.com/sunintheage

www.sunintheage.eu

**Co-funded by the European Union**

Проектот е финансиран од Европската Унија. Сепак,, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.
**Проект** N°: 2022-1-LT01-KA220-ADU-000088994